**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**
**Су-04 бр.0401-105/2020**
**24.12.2020 година**
**Скопје**

Претседателот на Вишиот управен суд, врз основа на член 43 став 1 од Законот за судска служба („Сл.весник на РСМ" бр. 43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/19, 248/2018), по спроведената постапка во врска со објавениот Интерен оглас бр.01/2020 од 09.12.2020 година, за унапредување на судски службеник, за работно место Категорија Г, ниво Г-1, самостоен судски референт-водител на писарница, шифра на работно место СУД 0101Г01001 – 1 (еден) извршител, а по доставената конечна ранг листа со предлог одлука за избор на кандидат Су-04 бр.0401-100/2020 од 24.12.2020 година, на ден 24.12.2020 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
**- за избор -**

За работно место Категорија Г, ниво Г-1, самостоен судски референт - водител на писарница, шифра на работно место СУД 0101Г01001 – 1 (еден) извршител, се избира кандидатот Елизабета Анчевска.

Решение за унапредување на судскиот службеник ќе се донесе по правосилноста на ова одлука.

## Образложение

На web страната на Вишиот управен суд на ден 09.12.2020 година, објавен е Интерен оглас бр.01/2020 за кариерно унапредување на 3 (три) судски службеници за работни места: 1. Категорија Б, ниво Б-4, Раководител на одделение за информатика, шифра на работното место: СУД 01 01 Б04 004 - 1 (еден) извршител; 2. Категорија Б, ниво Б-4, Раководител на судско одделение, шифра на работното место: СУД 01 01 Б04 002 - 1 (еден) извршител и 3. Категорија Г, ниво Г-1, Самостоен судски референт – водител на писарница, шифра на работното место: СУД 01 01 Г01 001 - 1 (еден) извршител.

По спроведената постапка за унапредување од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, согласно Законот за судска служба („Сл.весник на РСМ" бр. 43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/19, 248/2018) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната

селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РСМ" бр. 275/2020), до Претседателот на Судот доставена е конечна ранг листа со предлог одлука за избор на кандидат Су-04 бр.0401-100/2020 од 24.12.2020 година, од Комисијата за унапредување на судски службеник, за работното место бр.3 од Интерниот оглас 01/2020 за Категорија Г, ниво Г-1, самостоен судски референт-водител на писарница, шифра на работно место СУД 0101Г01001 – 1 (еден) извршител, во кој е наведено дека за унапредување се предлага кандидатот Елизабета Анчевска.

Претседателот на Судот имајќи ја во предвид конечна ранг листа со предлог одлука за избор на кандидат Су-04 бр.0401-100/2020 од 24.12.2020 година, доставен од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, истиот го прифати и одлучи да го избере кандидатот Елизабета Анчевска, за наведеното работно место.

Поради наведеното Претседателот на Судот, согласно член 43 став 1 од Законот за судска служба („Сл.весник на РСМ" бр. 43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/19, 248/2018), следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 (осум) дена, од денот на приемот на одлуката за избор, преку Вишиот управен суд, до Советот за судска служба.

**Претседател на Виш управен суд**
**Исмета Амет**

**Доставено до:**
- **Елизабета Анчевска**
- **архива**
- **на веб страната на Вишиот управен суд**
- **на огласната табла на Вишиот управен суд**